До: Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен - Скопје

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë se Veriut
Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Komisioni Shtetëror për Vendimmarrje në Procedurë Administrative.Procedurë të Marrëdhënies se Punësë dhe Mbikëqyrjes Inspektuese në Shkallë të Dytë
Скопје - Shkup

| Примено / Pranuar: | 22. 1. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. organizative | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 1005 | 176/1 | | |

Предмет: **доставување на БПИЈК**

Имајќи предвид дека на ден 08-01-2025г. преку Министерството за социјална политика, демографија и млади-Скопје имав доставено до вас Барање за пристап до информации од јавен карактер (БПИЈК) а како ова министерство знаеше до кој е упатено и согласно ЗОУП требаше да го препрати до вас а не го препрати - ми го врати на мене, сега јас лично го доставувам до вас во прилог на овој поднесок на постапување и одлучување.

Тоа значи дека датум на поднесување треба да се земе датумот на поднесување во претходно наведеното министерство.

**Напомена:** како и да е, доколку имате намера да ми ја дадете бараната информација во целост (и во рок од 20 дена) можете да ми ја доставите во обична форма и ќе ја прифатам како да постапувате и дадете одговор како по обично поднесено барање од граѓанин странка во предметите кај вас, во спротивно да постапувате согласно предвиденото во одредбите од ЗСПИЈК.

За итност во постапката без никакви манипулации и злоупотреба на службената положба и овластување и злоупотреба на правата кои ви припаѓаат во постапката однапред ви благодарам.

П О Д Н О С И Т Е Л : [redacted]

ПРЕКУ МТСП

До: **Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен - Скопје**
(имател на информацијата)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE, DEMOGRAFISË DHE RINISË - SHKUP

| Примено: E Pranuar: | 08 -01- 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица Njësia organizative | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 14 | 132 | 1 | |

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Македонија бр.13/ 01.02.2006 год.), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Барам да ми се достави доказ-и или информација од кои би можело да се утврди кои службени лица (со име и презиме) постапувале по мои предмети кај вас а по кои предмети се донесени одлуки (со број и датум на донесување) од ваша страна во 2024г.**

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија (со потврда дека е верна со оригиналот)
- г) електронски запис
- **д) друго** - докази или изготвена информација

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- **а) по пошта** ( со препорачана пратка )
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Барател** на информацијата:

[redacted]
(странка во наведениот предмет од кои се барат информациите)

(назив, име и презиме, адреса, тел, факс, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

П О Д Н О С И Т Е Л : [redacted]

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

27.01 2025 година

**Архивски број:** 1005-176/2

**До: г-дин** [redacted]

**Предмет: Известување**

Почитуван,

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено по електронски пат до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен и заведено со наш број 1005-176/1, Ве известуваме за следново:

Барањето кое Вие го имате доставено до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен не може да се третира како барање од јавен карактер и по истото да се постапува согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РСМ " бр.101/19). Целта на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како и на Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е да им се овозможи на физичките и правните лица да го остварат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и да обезбедат јавност и отвореност во работењето на органите. Притоа, остварувањето на „јавниот интерес" значи остварување на интересот на пошироката заедница како целина, којашто има предност пред индивидуалните потреби и права на заедницата.

Во Вашиот случај се работи за барање од личен карактер со оглед на тоа што барате информација за предмети оформени по жалби доставени од Ваша страна до Државната комисија. Во тој случај, Ви укажуваме дека Вашите прави и лични интереси може да ги остварите согласно материјалните закони кои ја регулираат соодветната материја во предметите во кои се јавувате како странка.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

*Изготвил:Наталија С. Филипова*


Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk